ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

ПАРКИНЗИ ЕНТАР
Бр 04-2589/1
15.10. 2025 год
СКОПЈЕ

Врз основа на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "Паркинзи" на Општина Центар – Скопје за вршење на јавни работи за надзор и контрола на јавните паркиралишта бр. 02-17/87 од 16.12.2025 година Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар го објавува следниот:

ЈАВЕН ПОВИК

за ангажирање на лица за вршење на јавни работи за надзор и контрола на јавните паркиралишта на Општина Центар – Скопје

ОПИС НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1. Целта на програмата е да го подобри функционирањето на претпријатието, односно да го зголеми и унапреди квалитетот на услугите што претпријатието ги обезбедува за жителите на Општина Центар, а истовремено да се ангажираат лица кои не се работно ангажирани, а се способни за извршување на наведените обврски.

2. Контролорите ќе се обврзат на одржување на редот и дисциплината во паркинг зоните, следејќи ги дефинираните процедури и стандарди. Работните задолженија ќе бидат утврдени согласно договорот помеѓу работодавецот и ангжираното лице а ќе се однесува на:
   - Проверка на возила затекнати во јавните паркиралишта.
   - Детектирање на неправилно паркирани возила.
   - Евидентирање на возила без регулирано задржување во паркинг зоните и резидентните паркиралишта.
   - Постапување со налози за дневна паркинг карта и доплатна паркинг карта.
   - Санкционирање на непрописно паркирани возила и возила со нерегулиран престој во паркинг зоните.
   - Повикување на Пајк-службата за дислоцирање на непрописно паркирани возила.
   - Маперање на хаварисани возила затекнати на територијата на Општина Центар и
   - Други останати задолженија сродни со дејностите на претпријатието.

КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1. Како основни критериуми се утврдуваат следните:

- Лица кои го користат правото на пензија;
- Лица од социјален ризик
- Лица кои што се долгорочно невработени евидентирани во системот при Агенцијата за вработување (повеќе од 1 година)
- Лица со инвалидитет;
- Студенти на додипломски или постдипломски студии.

Лична согласност за способност за извршување работи на терен, при што претходното работно искуство во областа ќе се смета за предност. За секоја од наведените категории на лица, јавното претпријатие претходно ќе изврши проверка во надлежните институции, односно ќе побара доказ од страна на кандидатот за исполнување на некоја од наведените категории како основен критериум за избор.

Секое ангажирано лице склучува Договор за ангажирање за вршење на јавни работи за период од 1 (еден) месец до 6 (шест) месеци во зависност од потребите на работодавачот со можност за продолжување на договорот.
Висината на надоместокот за вршењето на јавните работи е во висина од износот на минималната нето плата утврдена со закон.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Заинтересираните лица потребно е да ги достават следните документи:

- Кратка биографија
- Свидетелства за завршено основно образование или диплома
- Уверение за државјанство
- Потврда за исполнување на некој од основниот критериум

Секој заинтересиран кандидат, кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава (со приложени потребни документи) во седиштето на „Паркинзи“ на Општина Центар, по пошта на: Бул. Гоце Делчев бр. 14, 1000 Скопје или со поднесување на апликација во електронска форма на следниот меил: hr@poc.mk.
Јавниот повик ќе биде активен до 31.12.2026 година.
Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на јавното претпријатие (www.poc.mk) и истиот ќе трае се додека не се пополнат капацитетите согласно потребите на работодавачот.
Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.
Со избраните лица ќе се склучи Договор за вршење на јавни работи.

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР * СКОПЈЕ *